# СОСТОЈБА СО ГРИП ВО РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА, СЕЗОНА 2025/2026 (48-ма недела, до 30.11.2025)

## НЕДЕЛНИ ПОДАТОЦИ

### Епидемиолошки надзор

Во текот на **48-мата недела од 2025 година** (од 24-30.11.2025), во Р.С. Македонија, пријавени се 114 случаи на грип (I=6,2 /100.000 жители), на групни пријави за заболени од грип/заболувања слични на грип, за 25.3% повеќе во однос на минатата недела (n=91). Споредбено со 48 недела од минатата сезона се забележува зголемување од 75,4%, кога беа регистрирани 65 заболени лица, додека во однос на моделот за последните 15 сезони (n=111), се регистрира зголемување од 2,7%.
Заболените лица оваа недела се регистрирани во 11 ЦЈЗ/ПЕ, односно во Куманово - 49, Струмица - 16, Штип -11, Тетово – 9, Гостивар – 7, Прилеп и Кавадарци – 6, Македонски брод -5, Неготино – 3 и Радовиш и Скопје со по еден пријавен случај.
Во однос на возраста, од 15-64 години се регистрирани 76 лица, од 5-14 години – 19, лица над 65 години – 16, и од 0-4 години 3 регистрирани заболени деца.
Пријавената инциденца е под неделната граница на сезонската активност на вирусот на грип (I=22.03/100.000), односно сè уште не е достигнат прагот на влез во сезоната на грип.

### Вирусолошки надзор

Во текот на 48-ма извештајна недела, во вирусолошката лабораторија на ИЈЗ РСМ, пристигнаа 13 материјали од рутинскиот и САРИ надзорот за лабораториско тестирање, паралелно тестирани за Influenza, SARS-CoV-2 и/или RSV.
Од вкупно тестираните материјали, нема детектирани позитивни случаи на Influenza и SARS-CoV-2.
Од САРИ надзорот тестирани се 4 примероци за RSV од кои детектиран е еден позитивен RSV-B случај.

## КУМУЛАТИВНИ ПОДАТОЦИ

### Епидемиолошки надзор

**Во сезоната 2025/2026** вкупниот број на случаи на грип/заболувања слични на грип изнесува **776 (I=42,2/100.000)**.
Во споредба со истиот период од минатата сезона (n=454), бројот на пријавени случаи е зголемен за 70,9%, а во однос на моделот од последните 15 сезони (n=662) се регистрира зголемување од 25,9%.
Кумулативно, заболените се пријавени од 15 ЦЈЗ/ПЕ. Најголем број на заболени лица се регистрира на територија на Гостивар (n=237) а највисока кумулативна инциденца (I=306,6/100.000) се регистрира на територијата на Македонски брод.
Во однос на дистрибуцијата на заболените по возрасни групи, најголем број на заболени се пријавени во возрасната група која опфаќа најголем дел од населението (од 15-64 години) – 584 случаи (75,3%).

### Вирусолошки надзор

Во досегашниот тек на сезоната 2025/26, во вирусолошката лабораторија на ИЈЗ РСМ се пристигнати 215 материјали од рутинскиот и САРИ надзорот, за лабораториско тестирање, паралелно тестирани за Influenza, SARS-CoV-2 и/или RSV.
Од вкупно тестираните материјали, регистрирани се 5 позитивни резултати за SARS-CoV-2, 3 позитивни на RSV (RSV несуптипизиран – 1 и RSV-B – 2) и 2 позитивни резултати на грип – Influenza A(H1)pdm09.

## ОПШТИ МЕРКИ НА ПРЕВЕНЦИЈА

*Извор: https://sezonskigrip.mk/

Општите мерки за заштита од грип се насочени кон сите акутни респираторни заболувања и може да се од голема корист, особено ако се применуваат во текот на целиот зимски период:

- Да се избегнува собирање и престој во простории каде престојуваат повеќе луѓе, особено да се избегнува близок контакт со луѓе кои се болни или сомнителни – кашлаат, киваат, имаат покачена телесна температура.
- Често да се мијат рацете со вода и сапун или дезинфекционо средство.
- Да се загреваат просториите за престој и често да се проветруваат.
- Препорачливо е топло, слоевито облекување, топли бањи.
- Да се пијат топли напитоци (чаеви и супи), овошни цедени сокови, вода со лимон.
- Да се земаат свежи продукти богати со витамини и минерали, најдобро овошје и зеленчук кои му се неопходни на организмот. Особено се пожелни продукти богати со витамин Ц (цитрони, лимони, портокали). Доколку не се располага секогаш со свежи прехрамбени продукти, може да се користат и мултивитамински напитоци и препарати.
- Практикување здрав начин на живот и навики, вклучително добар сон и одмор, здрава храна, одржувајте физичка и психичка активност, намалете го стресот.

Силниот имунитет ќе ви помогне да останете здрави или полесно да се справите со грипот и заболувањата слични на грип. Сепак, дури и да сте совршено здрави и да имате силен имунитет, може да заболите од грип или заболување слично на грип.

**Што доколку се разболите од грип?**

Следете ги следните препораки:

- Останете дома и не одете на работа, во училиште или на места каде има многу луѓе.
- Одморајте се и земајте многу течности и лесна храна.
- Избегнувајте блиски контакти со лицата со кои живеете, не примајте посети додека сте болни.
- Покријте го носот и устата со шамивче при кашлање и кивање. По употреба, фрлете ги во корпа за отпадоци.
- Носете заштитна маска кога контактирате со своите блиски во домот, кога кашлате и кивате.
- Практикувајте често и темелно миење на раце со топла вода и сапун.
- Користете влажни марамчиња кои содржат алкохол или средство за дезинфекција на рацете.
- Избегнувајте допирање на очите, носот и устата со раце.
- Често проветрувајте ја просторијата каде престојувате додека сте болни.
- Одржувајте ја чиста вашата околина – предмети, површини со средства за хигиена на домот.
- Ако сте над 65 години или имате хронични заболувања, или доколку симптомите на болеста се влошуваат или траат повеќе денови – побарајте лекарска помош.

## ЕПИДЕМИОЛОШКИ КОМЕНТАР

**Се забележува варијација на бројот и инциденцата на заболувања слични на грип на неделно ниво, но сеуште во рамките на вонсезонска активност. Иако се регистрирани првите случаи на грип, процентот на позитивност останува под 10%. Согласно овие податоци активноста на вирусот на грипот сè уште има спорадична активност и низок интензитет на циркулирање.**

## ВАКЦИНАЦИЈА ПРОТИВ ГРИП

**Вакцинацијата против сезонски грип е најефикасна заштита од ова заболување.** Институтот за јавно здравје препорачува вакцинација на целото население, особено на лица кои припаѓаат на т.н. ризични групи (согласно препораките на СЗО):

- Постарите лица (над 65 години)
- Деца на возраст од 6-59 месеци
- Лица постари од 6 месеци со хронични болести
- Бремени жени, и
- Здравствени работници.

- За сезоната 2025/2026, Министерството за здравство обезбеди бесплатна четиривалентна вакцина во вкупна количина од 80.000 дози, наменета за приоритетни групи население.
  Вакцинацијата започна на 16.10.2025 година и се спроведува во Центрите за јавно здравје (ЦЈЗ) со нивните Подрачни единици (ПЕ) и/или Здравствените домови. Вакцинацијата на здравствените работници во Скопје се спроведува во Институтот за јавно здравје.
  Според податоците од Управата за електронско здравство, од почетокот на вакцинацијата, а заклучно со затворањето на овој извештај, вакцинирани се вкупно 76.477 лица од ризичните категории на населението со бесплатни вакцини.

  Дополнителни 2.400 дози комерцијални вакцини се набавени од страна на Центрите за јавно здравје, како вакцини за останатото население кое не спаѓа во горенаведените групи. Истите можат да се добијат за одреден финансиски надомест а вакцинацијата се спроведува во Центрите за јавно здравје со нивните Подрачни единици.
  Според податоците од Управата за електронско здравство, со комерцијални вакцини се вакцинирани вкупно 1.658 лица.

**Вкупно во Р.С. Македонија вакцинирани се 78.105 лица со бесплатна или комерцијална вакцина.**

## ЕВРОПСКИ РЕГИОН

*Извор: https://erviss.org/

Согласно извештајот на ERVISS објавен за 47-та недела 2025 година:
Бројот на пациенти кои се јавуваат во примарната здравствена заштита со симптоми на респираторни заболувања останува на почетно ниво или на ниско ниво во повеќето земји. Иако сезоната на грип е започната невообичаено рано, циркулацијата е сè уште на релативно ниско ниво во повеќето земји, но откривањето брзо се зголемува. SARS-CoV-2 продолжува да циркулира доста широко, но се намалува кај сите возрасни групи. Циркулацијата на респираторниот синцицијален вирус (RSV) е ниска, но се бавно се зголемува. Влијанието врз хоспитализациите останува ограничено во оваа фаза.
Овогодинешната сезона на грип започна три до четири недели порано отколку во последните две години, при што над половина од земјите сега пријавуваат активност над почетната. Грипот А е доминантен во сите земји, а A(H3N2) го води трендот на зголемување во последните недели. Циркулацијата е највисока кај деца на возраст од 5 до 14 години. Рано зголемување на хоспитализациите се забележува во некои земји, зафаќајќи ги сите возрасни групи, но првенствено повозрасните на возраст од 65 години и повеќе.
На 20 ноември 2025 година, ECDC објави извештај за проценка на заканата во кој се проценува ризикот од грип за ЕУ/ЕЕА во контекст на зголемена циркулација на целната подклада К на A(H3N2).

Трендовите во циркулацијата на RSV, полека се зголемува и вредностите се моментално околу една недела подоцна од минатата сезона. Зголемувањата се видливи и во податоците од примарната здравствена заштита и во болничкиот надзор од неколку земји, при што претежно се погодени деца под пет години.

***Оддел за епидемиологија на заразни болести***
***Институт за јавно здравје***